# МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА
# ЗА БЕЗБЕДНО ВРАЌАЊЕ НА РАБОТА




СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

# СОЦИЈАЛНО ДИСТАНЦИРАЊЕ




- РАСТОЈАНИЕ ОД 2 М. ВО СИТЕ РАБОТНИ И ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ.
- ПОЧИТУВАЈТЕ ГО СООДВЕТНОТО РАСТОЈАНИЕ ОД НАЈМАЛКУ 2 М. ОДАЛЕЧЕНОСТ МЕЃУ БИРОАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ПРАВА, СТРАНИЧНА И ДИЈАГОНАЛНА ЛИНИЈА.
- ДОЗВОЛЕНО Е ПРИСУСТВО САМО НА ЕДНО ЛИЦЕ ВО ЛИФТ И ВО КУЈНИТЕ.
- СЕ ПРЕПОРАЧУВА КОРИСТЕЊЕ НА СКАЛИТЕ ВО СИТЕ РАБОТНИ ОБЈЕКТИ, СО ПОЧИТУВАЊЕ НА ДИСТАНЦАТА ОД 2 М.
- НЕ СЕ ДОЗВОЛЕНИ ГРУПНИ СОБИРИ СО КОЛЕГИ ВО РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ, НИТУ ЗА ВРЕМЕ НА РАБОТА, НИТУ ЗА ВРЕМЕ НА ПАУЗА.
- ВРАБОТЕНИТЕ ДА ГИ КОРИСТАТ ЗАЕДНИЧКИТЕ ПРОСТОРИИ (ТОАЛЕТИТЕ, КУЈНИТЕ) ШТО СЕ НАЈБЛИСКУ ДО НИВНИТЕ РАБОТНИ МЕСТА.
- ДА НЕ СЕ ПОСЕТУВА ДРУГ ОБЈЕКТ НА ТЕЛЕКОМ, ДОКОЛКУ НЕ Е ВО РАМКИ НА РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ.

# ЛИЧНА ХИГИЕНА



- ЗАДОЛЖИТЕЛНО НОСЕТЕ СООДВЕТНА МАСКА (ШАЛ ИЛИ МАРАМА) ЗА ВЛЕЗ ВО ТЕЛЕКОМ ОБЈЕКТ.
- РЕДОВНО ДЕЗИНФИЦИРАЈТЕ ГИ И МИЈТЕ ГИ РАЦЕТЕ, ОСОБЕНО ПРИ ПРИСТИГНУВАЊЕ И ПРЕД НАПУШТАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО.
- СТРОГО ИЗБЕГНУВАЈТЕ ЛИЧЕН КОНТАКТ: НИКАКВО РАКУВАЊЕ И ПРЕГРНУВАЊЕ СО КОЛЕГИТЕ/СОРАБОТНИЦИТЕ.
- УПОТРЕБЕНИТЕ ЗАШТИТНИ МАСКИ, РАКАВИЦИ И ДЕЗИНФЕКЦИСКИТЕ МАРАМЧИЊА, ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА СЕ ЗАТВОРАТ ВО СООДВЕТНИ НАЈЛОНСКИ ЌЕСИ, А ПОТОА ДА СЕ ОДЛОЖУВААТ ИСКЛУЧИВО ВО КУТИИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ЗА ОТПАД.
- КАШЛАЈТЕ ИЛИ КИВАЈТЕ ВО ВНАТРЕШНИОТ ДЕЛ ОД ВАШИОТ ЛАКТ ИЛИ ВО МАРАМЧЕ.
- РЕДОВНО ПРОВЕТРУВАЈТЕ ГИ РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ, НАЈМАЛКУ 4 ПАТИ ПО 10 МИНУТИ СЕКОЈ ДЕН.
- СЕ ПРЕПОРАЧУВА УПОТРЕБА НА ЛИЧНО ПРЕВОЗНО СРЕДСТВО (АВТОМОБИЛ, ВЕЛОСИПЕД); А ДОКОЛКУ Е НЕИЗБЕЖНО ДА СЕ КОРИСТИ ЈАВЕН ПРЕВОЗ, ЗАДОЛЖИТЕЛНО Е НОСЕЊЕ МАСКА/ШАЛ/МАРАМА.

# ОСТАНАТИ ХИГИЕНСКИ МЕРКИ



- ЗА ВРЕМЕ НА РАБОТЕЊЕТО ВО ПРОСТОРИИТЕ, ИЗБЕГНУВАЈТЕ КОРИСТЕЊЕ ТУЃО БИРО И ОСТАНАТИ КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛИ.
- ДА СЕ ВНИМАВА НА ХИГИЕНАТА И ФРЛАЊЕТО ОТПАД ВО СИТЕ РАБОТНИ ПРОСТОРИИ (КАНЦЕЛАРИИ, ТОАЛЕТИ, КУЈНИ).
- НИКОГАШ НЕ ОСТАВАЈТЕ ГО МОБИЛНИОТ ТЕЛЕФОН НА БИРО/МАСА; ДОКОЛКУ ТОА ГО НАПРАВИТЕ, КОРИСТЕТЕ ХАРТИЕНО МАРАМЧЕ ИЛИ ВЕДНАШ ПРЕБРИШЕТЕ ГО АПАРАТОТ СО АНТИБАКТЕРИСКИ МАРАМЧИЊА.
- ЗАБРАНЕТО ВНЕСУВАЊЕ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОДУКТИ И ЈАДЕЊЕ ВО РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ.

## КУЈНИ

- ДОЗВОЛЕНО Е ДА СЕ КОРИСТАТ КУЈНИТЕ ОД САМО ЕДНО ЛИЦЕ ВО ДАДЕН МОМЕНТ, А ПРИТОА ТРЕБА ДА СЕ КОРИСТИ ИСКЛУЧИВО СВОЈ ПРИБОР, КОЈ РЕДОВНО ТРЕБА ДА СЕ ДЕЗИНФИЦИРА ОД СТРАНА НА КОРИСНИКОТ.
- УРЕДИТЕ ВО КУЈНИТЕ (ФРИЖИДЕР, МИКРОБРАНОВА ПЕЧКА, ШПОРЕТ) МОЖАТ ДА СЕ КОРИСТАТ, НО САМО ОД ЕДНО ЛИЦЕ ВО ДАДЕН МОМЕНТ И СО СООДВЕТНО ОДРЖУВАЊЕ ХИГИЕНА.
- ТРЕБА ДА СЕ НОСИ ПАКУВАНА ХРАНА ИЛИ ХРАНА ПОДГОТВЕНА ОД ДОМА.

# СОСТАНОЦИ И СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА



- СОСТАНОЦИТЕ СО КОЛЕГИТЕ И НАДВОРЕШНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ТРЕБА ДА СЕ ОДРЖУВААТ ВИРТУЕЛНО.
- СОСТАНОЦИТЕ СО ЛИЧНО ПРИСУСТВО ТРЕБА ДА СЕ ОДРЖУВААТ САМО КОГА ТОА Е НЕОПХОДНО ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ДЕЛОВНИ ЦЕЛИ, СО МАКСИМУМ ПОЛОВИНА ОД КАПАЦИТЕТОТ НА ПРОСТОРИЈАТА, И ДА СЕ ПОЧИТУВААТ ХИГИЕНСКИТЕ И МЕРКИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ДИСТАНЦИРАЊЕ.
- ПРИ СОСТАНОК СО ЛИЧНО ПРИСУСТВО, ТРЕБА ДА СЕ ВОДИ ТОЧНА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИСУСТВОТО, ЗАРАДИ БЕЗБЕДНОСНИ ПРИЧИНИ, ВО СЛУЧАЈ НА ЗАБОЛУВАЊЕ НА НЕКОЈ ОД ПРИСУТНИТЕ.
- СИТЕ СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊЕ СЕ СТАВЕНИ ВО МИРУВАЊЕ; СЕ ПРЕПОРАЧУВА ВИРТУЕЛНО ОДРЖУВАЊЕ СОСТАНОЦИ И РАБОТА НА ПРОЕКТИ.
- КУРСЕВИТЕ ЗА ОБУКА, СО ВНАТРЕШНИ И НАДВОРЕШНИ ОБУЧУВАЧИ, ДА СЕ ОДРЖУВААТ ВИРТУЕЛНО.
- ПРИ КОРИСТЕЊЕ СЛУЖБЕНИ ВОЗИЛА, ДА СЕ ПОЧИТУВА ПРАВИЛОТО ЗА НЕ ПОВЕЌЕ ОД ДВАЈЦА КОЛЕГИ ВО АВТОМОБИЛ (ЕДЕН ЗАД ДРУГ), ДОКОЛКУ Е ТОА ВОЗМОЖНО, СО ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОЧИТУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ И ОДРЖУВАЊЕ ЛИЧНА И ХИГИЕНА НА ВОЗИЛОТО.

# ПРИСУСТВО НА НАДВОРЕШНИ ЛИЦА И ПРИЕМ НА ПРАТКИ



- ВЛЕЗ ЗА НАДВОРЕШНИ ЛИЦА ВО ЦЕЛОСТ Е ЗАБРАНЕТ, ОСВЕН ЗА КОНСУЛТАНТСКИТЕ ФИРМИ КОИ СЕ ДЕЛ ОД ТИМОВИТЕ, КАКО И ЗА ПАРТНЕРИТЕ КОИ РАБОТАТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ТЕЛЕКОМ СО ЗАДОЛЖИТЕЛНО НОСЕЊЕ СОПСТВЕНА ЛИЧНА ЗАШТИТНА ОПРЕМА.

- ДА СЕ ИЗБЕГНУВА И ЗАБРАНУВА СЕКАКОВ ВЛЕЗ НА ТЕХНИЧКА СТОКА И ОСТАНАТО, А ДОКОЛКУ ТОА Е НЕОПХОДНО, ВЕДНАШ ПО ДОСТАВАТА ДА СЕ ОРГАНИЗИРА РАСЧИСТУВАЊЕ НА  АМБАЛАЖАТА И ДЕТАЛНО ДЕЗИНФИЦИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ КАДЕ ШТО СЕ ВРШЕЛА АКТИВНОСТА.

# ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА ИНФЕКЦИЈА/БОЛЕСТ



- НЕ ДОАЃАЈТЕ НА РАБОТА АКО СТЕ БОЛНИ.
- АКО ИМАТЕ СИМПТОМИ, ИЗМЕРЕТЕ ТЕМПЕРАТУРА ПРЕД ДОАЃАЊЕ НА РАБОТА, ДОКОЛКУ ИМАТЕ ЗГОЛЕМЕНА ТЕМПЕРАТУРА ИЛИ ТРЕСКА, НЕ ДОАЃАЈТЕ.
- ДОКОЛКУ СЕ СОМНЕВАТЕ ВО СИМПТОМИТЕ, ВЕДНАШ ЈАВЕТЕ СЕ НА МАТИЧЕН ЛЕКАР ЛЕКАР КОЈ ЌЕ ВЕ УПАТИ ПОНАТАМУ, А ВОЕДНО СЛЕДЕТЕ ГИ ПРЕПОРАКИТЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ.
- ВО СЛУЧАЈ НА ИНФЕКЦИЈА СО КОВИД-19, А ДОКОЛКУ СТЕ БИЛЕ ПРИСУТНИ ВО ТЕЛЕКОМ ОБЈЕКТ, ЌЕ СЕ НАПРАВИ ИНТЕРВЈУ ВРЗ ОСНОВА НА ОБРАЗЕЦ, ЗА ДА СЕ ОЦЕНИ СИТУАЦИЈАТА И ДА СЕ ДОНЕСЕ ОДЛУКА ЗА ПОНАТАМОШНИ МЕРКИ.